РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
Су04.бр.109/21
24.06.2022 година
К и ч е в о

Претседателот на Основен суд Кичево Амдије Зенку ,врз основа на чл.36 од Законот за Судска служба ,по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас број 1/21 за вработување на судски службеници за работно место број 1--Судски администратор-Категорија А,ниво А2 еден извршител,по доставениот Предлог за рангирани кандидати на Комисијата за селекција за вработување од 23.06.2022 година,денес на ден 24.06.2022 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

Јавниот оглас број 1/2021 од 17.12.2021 година за вработување на неопределено време на судски службеници за работно место број 1-Судски администратор - катагорија А ниво А2 еден извршител СЕ ПОНИШТУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Кичево на ден 17.12.2022 година во дневните весници Нова Македонија и Lajme , како и на Веб страната на судот, објави јавен оглас број 1/2021 за вработување на неопределено време судски службеници за работно место број 1-Судски администратор - катагорија А ниво А2 еден извршител

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно Законот за судска служба и Правилникот за форма и содржина на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, до Претседателот на судот, доставен е Предлог за единствен рангиран кандидат од 23.06.2022 година, за работно место број 1-Судски администратор - катагорија А ниво А2 еден извршител

Во Предлогот на кандидат за вработување, Комисијата за селекција за вработување, за вработување го предложи кандидатот Весна Миноска-Настеска од Кичево како единствен рангиран кандидат од ранг листата.

Претседателот на судот,имајќи го во предвид Предлогот за најдобро рангирани кандидати од 23.06.2022 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување,како и имајќи ја во предвид целокупната спроведена постапка утврди дека за работното место Судски администратор се јавиле 5 (пет) кандидати од кои 4 (четири) кандидати не ги исполнувале условите по огласот,а кандидатот кој е предложен од страна на Комисијата за селекција за вработување е единствен кандидат кој ја поминал административната селекција.Предложениот кандидат има уште две години до исполнување на Законските услови за старосна пензија.

Имајќи го во предвид наведеното Претседателот на судот одлучи јавниот оглас број 1/2021 од 17.12.2021 година за вработување на неопределено време на судски службеници за работно место број 1-Судски администратор - катагорија А ниво А2 еден извршите да го поништи и да одлучи како во диспозитивот н аова решение.

Претседател на судот,
Amdije Zenku

ПРАВНА ПОУКА:

Против оваа одлука ,кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од прием на известувањето, преку овој суд до Советот на судска служба.

Д-НО

-Весна Миноска-Настеска

-Огласна табла и

-Веб страна на судот